**20150522005**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## НАРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА НАРЕДБА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2015 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/15), во членот 1 точка 1 поточка 1.1 во ставот 8 зборовите: ”Трошоците за вакцинацијата против Класична чума кај свињите на животните кои се одгледуваат во одгледувалишта со повеќе од 11 животни годишно во целост се на товар на одгледувачот/сопственикот на животните. Трошоците за вакцинација против Класична чума кај свињите на животните во одгледувалишта со помалку од десет животни годишно ќе се исплатат согласно одредбите од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2015 година во висина од 50% од висината на цената утврдена за оваа активност согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, а останатите 50% се на товар на соспственикот на животните” се заменуваат со зборовите: „Трошоците за вакцинација против Класична чума кај свињите во одгледувалишта во кои се одгледуваат повеќе од десет животни годишно во целост се на товар на одгледувачот/сопственикот на животните. Трошоците за вакцинација против Класична чума кај свињите во одгледувалишта во кои се одгледуваат десет и помалку животни годишно се на товар на Агенција за храна и ветеринарство и се исплаќаат од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2015 година”.

Член 2

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-13/5
27 март 2015 година
Скопје

Директор,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.